

Следливоста може да обезбеди одговори на многу прашања

## Што е следливост?

Во производствените индустрии, менаџерите постојано имаат потреба да ги знаат одговорите на различни прашања: Дали пратката го содржи она што го порачале? Дали физичкиот проток на стоки е оптимизиран? Ќе ја добијат ли информацијата која им е потребна, ако има отповикување или повлекување?

Во болниците и здравствените установи, лекарите и останатиот медицински персонал, треба да го обезбедат правото на пациентот за добивање на вистинскиот медикамент и третман.

Во супермаркетите и во своите домови, потрошувачите се прашуваат дали храната е безбедна, дали го добиле тоа што на пакувањето пишува дека го содржи.

Во продавниците и во рестораните, луѓе со различни религиски убедувања се прашуваат дали прехранбените производи кои ги купиле се подготвени на начинот кој ги почитува нивните верувања.

Следливоста може да обезбеди одговори на овие, но и многу други прашања.

Некоја форма на следливост веќе е законска обврска во одредени сектори во САД, Канада, Европската Унија и некои држави во Латинска Америка, Азија и Африка. Но, надвор од задолжителната следливост, сé повеќе и повеќе компании доброволно имплементираат програми за следливост со цел подобрување на ефикасноста, помош во заштитата на нивните брендови и осигурување дека нивната храна, лекови, медицински апарати, играчки и др. ќе бидат безбедни. На кусо: Следливоста сега е витален дел од синџирот на снабдување.

Но, следливоста може да се постигне успешно само ако е изградена врз глобалните стандарди како основа за јасна, разбирлива размена за сите кои што се вклучени.

**А, тука настапува GS1.**




GS1 Глобалниот Стандард за Следливост овозможува автоматизирана следливост преку збир на комплементарни технологии

## GS1 Глобален Стандард за Следливост

Последниве 30 години, GS1 е посветен на дизајнирањето и имплементацијата на глобални стандарди за употреба во синџирот на снабдување. GS1 стандардите обезбедуваат ефикасна размена меѓу компаниите и дејствуват како основни насоки за олеснување на интероперабилноста и обезбедување на структура за многу индустрии.

Градејќи врз повеќе децениското искуство и лидерство, GS1 го создаде Глобалниот Стандард за Следливост (Global Traceability Standard - GTS) и има намера тој да стане призната референца за компаниите кои бараат било каков вид на следливост.

GS1 Глобалниот Стандард за Следливост овозможува примена на системите за следливост на глобално ниво, и за малите и за големите компании, долж целиот синџир на снабдување, без разлика колку компании се вклучени, без разлика кои технологии се применети: (бар кодови, RFID, EDI, интернет и сл.).

GS1 Глобалниот Стандард за Следливост е стандард за бизнис процесот. Тој беше развиен како дел на GS1 Глобалните Стандарди за Управување со Процесите (GSMP), од страна на повеќе од 800 компании од Азија, Европа и Америка, при што беа вклучени и претставници на продавачите на мало, добавувачите, GS1 организациите членки и провајдерите на услуги, во широк спектар на индустрии.

Групата за Бизнис Барања за Следливост (A Traceability Business Requirements Group - BRG) е креирана во GS1 GSMP со цел да биде платформа за соработка за сите заинтересирани страни за следливоста и за да се обезбеди соодветното и неопходното одржување и развој на стандардот.

GS1 Глобалниот Стандард за Следливост не е конкуренција на другите меѓународни стандарди како што се тие од ISO, CIES Глобалната Иницијатива за Безбедност на Храната (GFSI), Британскиот Конзорциум за Трговија на Мало (BRC), Глобалниот Стандард за Храна, Маркетинг Институтот за Храна, GLOBALGAP, или различните сертификати за “органска” храна. Всушност, GS1 им помага на компаниите и организациите да ги исполнат барањата на овие видови на стандарди, преку обезбедување на алатки (и упатства за примената на овие алатки) за да се постигне бараното ниво на следливост.

**Со GS1 Глобалниот Стандард за Следливост, во реалниот свет десетици случаи на употреба на апликации за следливост можат да се остварат.**



GS1 Стандардот за Следливост е клучен фактор кој овозможува услуги кои обезбедуваат видливост во синџирот на снабдување, од приемот до дистрибуцијата

## Основа за поефикасен синџир на снабдување

Денес, способноста да се лоцираат и следат стоките и информациите и брзо да одговори на потребите на пазарот претставува клуч за успешно и ефикасно управување со логистиката во синџирот на снабдување.

Производителите, провајдерите на логистика и трговците се соочуваат со мноштво на нови предизвици: нпр. подеми и падови на цената на нафтата. Присиленоста да се работи со намалени капацитет, додека се одржува високото ниво на пружените услуги. Сé поголемата внапнатостг во проширениот синџир на снабдување, бара построго планирање на производството, поблиско следење на производството и поефикасен логистички распоред, од репро материјалите до домовите на потрошувачите. Повеќе од било кога очекувањата на потрошувачите во однос на квалитетот и безбедноста на производите се повисоки. Зголемените регулаторни барања за брза и ефикасна реакција на било кое прашање во врска со било која состојка на секој производ. А треба речиси веднаш да се биде подготвен да се одговори на предизвиците на високата технологија - секогаш поврзаниот свет.

На кусо: ним им е потребен постојан пристап до важните бизнис информации за производот во текот на нивните операции во рамките на синџирот на снабдување. Тие имаат потреба за глобализирани алатки за влегување во трага и следење кои што можат да обезбедат видливост на стоките во реално време.

Тие имаат потреба за апликации и услуги овозможени од страна на GS1 Глобалиот Стандард за Следливост.

GS1 GTS обезбедува основа за создавање на повеќе интегрирани системи што може да ја зголеми ефикасноста на синџирот на снабдување, додека истовремено се намалува производството и дистрибуцијата на небезбедни или стоки со слаб квалитет. Тоа е клучен фактор кој овозможува услуги кои обезбедуваат видливост во синџирот на снабдување, од приемот до дистрибуцијата.

Програмите за следливост, исто така, може да помогнат во влегувањето во трага и следењето на предметите, од огромните превозни контејнери до малите пакети и писма. На овој начин, тие можат да придонесат кон подобрувањето на безбедноста на логистиката и царинскиот сообраќај.



GS1 Стандардот за Следливост игра витална улога доколку нешто тргне наопаку и прехранбените производи мораат да бидат отповикани

## Подобрување на безбедноста на храната

Од каде доаѓа храната која ја конзумирате вие и вашето семејство? Како пристигна во продавницата? Кој пат го помина до тука? Дали таа содржи нешто на што вам или некому од вашето семејство предизвикува алергиски реакции?

Способноста да се одговори на овие прашања брзо и прецизно лежи во апликациите и системите за следливост.

Со цел да функционираат правилно, системите за следливост на храната треба да го знаат сето она што се случува, секој чекор на патот, од фармата до трпезата. Но, поради сé повеќе зголемената проширеност и сé повисоката глобализираност на синџирите на снабдување и зголемената употреба на производството по договор, следењето на прехранбените производи од крај до крај стана потешко.

Глобалниот Стандард за Следливост ги прави системите за следливост на храната возможни на глобално ниво - без оглед на тоа колку многу компании се вклучени или колку граници се поминуват како што храната и прехранбените состојки патуваат од едниот крај на синџирот на снабдување сé до потрошувачот.

Следливоста е особено важна доколку нешто тргне наопаку и прехранбените производи мораат да бидат отповикани. Глобалниот Стандард за Следливост, исто така, може да игра клучна улога во овој случај, бидејќи тој е направен врз основа на светските стандарди, се протега од едниот крај на синџирот на снабдување до другиот, може да се обезбеди непосреден пристап до точни информации за производот – сево ова овозможува брзо, сéопфатно отповикуање.

Но, можеби уште поважно е тоа што, GS1 стандардите за следливост, исто така, го олеснуваат постигнувањето на квалитетот и точна контрола врз целиот инвентар. Тоа придонесува повлекувањата да бидат колку што е возможно поретки и речиси непотребни.

## Обезбедување на сообразноста на храната со одредени карактеристики

Решенијата за следливост овозможени од страна на Глобалниот Стандард за Следливост обезбедуваат одличен начин да се биде сигурен дека храната е во согласност со барањата на верските убедувања на луѓето или дека го почитува нивниот избор на животен стил.

На пример, сé повеќе и повеќе луѓе бараат храна, која почитува одредени етички стандарди. Разни етикети и печати кои сега постојат гарантираат дека прехранбените продукти кои ги носат се резултат на правична, силна и одржлива трговска практика.

Милиони луѓе припадници на некоја религија се раководат водат од постулатите на нивните религии и сакаат да бидат сигурни дека храната купена во продавниците и во ресторанite во кои тие јадат го почитува прецизно дефинираниот сет на кодекси и принципи. Всушност, самите прехранбени производи, местата каде што се конзумира храната (ресторани, бифеа, комерцијални кујни, продавници за слаткарски производи и пекарници, ресторани за брза храна итн.) и кланиците треба да се во согласност со тие норми како и сите алатки користени при подготвувањето на храната.

Различни тела низ целиот свет се создадени за да се потврди дека храната и местата за нејзина конзумација се на пример: халал, кошер, органски или еколошки. Глобалниот Стандард за Следливост може да ја олесни нивната работа.

Со слични грижи се преокупирани и строгите вегетаријанци: јасно е дека бифтекот не се вклопува во нивниот избран начин на живот, но многу други прехранбени производи, всушност можеби, содржат месо или деривати од животинско потекло. Решенијата за следливост можат да бидат изградени преку користење на GS1 GTS за да ги увери овие потрошувачи дека производите кои ќе ги купат целосно ги почитуваат нивните желби.




GS1 Стандардот за Следливост може да им користи на конзументите да бидат сигурни дека храната е халал, кошер, вегетаријанска или органска

## Подобрување на безбедноста на пациентите и на квалитетот на лекувањето

Болниците и другите медицински установи се исклучително сложени капацитети во кои секогаш мора да се укаже внимание на сите на кои им е потребно лекување.

Но, лекарите и останатиот медицински персонал се само човечки суштества и за жал, тоа значи дека грешки се случуваат. Понекогаш погрешна доза или лек му се дава на пациентот, или ќе се употреби погрешен медицински апарат. А понекогаш вистинската доза ќе се даде, вистинскиот медицински апарат ќе се употреби, но за погрешен пациент.

Секој ден, луѓе умираат или се оневозможени поради конзумација на погрешни лекови. На медицинскиот сектор му претстои напорна работа за спречување на колку што е можно повеќе од ваквите грешки. Воспоставувањето на систем за следливост е клучен фактор за зајакнување на безбедноста на пациентите и за подобрување на квалитетот на лекувањето.

Системите за следливост базирани врз светските стандарди, како што е GS1 Глобалниот Стандард за Следливост, овозможуваат верификација и потврдување на медицинските производи во синџирот на снабдување во глобалното здравство, за спроведувањето да се одвива побрзо и поефикасно, со што се подобрува безбедноста и интегритетот на синџирот на снабдување.

GS1 Здравство (Healthcare) е доброволна, корисничка група во глобалното здравство чие што активно меѓународно членство има учесници од целиот свет и претставници од сите во Здравството заинтересирани страни: дистрибутери, регулаторни тела, фармацевтски компании и производители на медицински апарати, индустриски здруженија, болници, лекари, академски институции, министерства за здравство и продавачи на големо. Воспоставувањето на стандардите базирани врз системот за следливост е клучен фактор за зајакнување на безбедноста пациентите и подобрување на квалитетот на лекувањето.

Во декември 2007 година, GS1 Здравство го формираше работниот тим: “Следливост во здравство”. Овој работен тим од почеток се фокусираше на развојот на Глобалниот Стандард за Следливост во Здравството (Global Traceability Standard for Healthcare - GTSH) врз основа на GS1 Глобалниот Стандардот за Следливост.

GTSH е јавен стандард и служи како почетна точка за идентификување на специфичните барања, обезбедување на конзистентен пристап и разбирање на клучните принципи. Следен чекор на GS1 Healthcare е креирање на Директива за Имплементација на GDSH.



Воспоставувањето на систем за следливост базиран врз стандарди е клучен фактор за зајакнување на безбедноста на пациентите и за подобрување на квалитетот на лекувањето

## Борба против фалсификувањето

Фалсификуваните чанти, облека, обувки и часовници се проблем. Фалсификуваните медицински производи претставуваат СЕРИОЗЕН ПРОБЛЕМ.

На стотици места ширум светот, во импровизирани лаборатории се користи шеќер, восок или нешто уште полошо за производство на фалсификувани апчиња кои изгледаат исто како и оние вистинските; други фалсификатори произведуваат ленти за тестирање на нивото на шеќер во крвта, кои се ништо друго туку обична хартија и боја. Фалсификаторите станаа толку софистицирани што во некои случаи, дури и на компаниите чии сопствени производи се мета на фалсификаторите не можат да направат разлика меѓу вистинските и лажните, без вршење на дополнителни хемиски тестови.

И покрај најдобрите остварувања во здравствениот сектор, ваквите бесполезни, па дури и опасни производи пристигнуваат на продажните места.

GS1 Стандардот за Здравство (GTSH), кој е изграден врз GS1 Глобалниот Стандард за Следливост, може да помогне. Воведување на единствена идентификација за секој пакет на медицински производи, каде што е соодветно, ќе им овозможи на системите за следливост и автентизација, со користење на лесно достапна технологија, на фалсификаторите да им го отежни наметнувањето во синџирот на снабдување во здравството.

И, се разбира, напорите за спречување на фалсификаторите во здравствениот сектор нé ставаат во одлична позиција да им помогнеме на другите индустрии чии производи исто така се често се фалсификувани: (козметичката, електронската и индустријата на автомобилски делови и др.).



Глобалниот Стандард за Следливост во Здравството (Global Traceability Standard for Healthcare - GTSH) може многу да им го отежни дејствувањето на фалсификаторите во

во здравството




## Подобрување на одржливоста

Сé почесто, инвеститорите и потрошувачите ја земаат в предвид заштитата на животната средина како дел од процесот на донесување на одлуките за купување.

Владите, исто така ја засилуваат поддршката на одржливиот развој. Владата на Велика Британија на пример, постави цел до Март 2010 година да се постигне 70% рециклирање на потрошувачкиот отпад од амбалажа.

Но, и покрај новите прописи или менувањето на очекувањата на потрошувачите, се зголемува бројот на доказите дека стратегиите за одржливост исто така, придонесуваат за пораст на вредноста на компаниите и носат позитивен финансиски ефект. Одржливоста бргу станува круцијална бизнис стратегија.

Трговците на мало и производителите можат да постигнат ефективна и ефикасна одржливост преку соработка, особено на полето размена на податоци. GS1 Глобалниот Стандард за Следливост помага ова да се постигне полесно.

Со примена на програмата базирана врз GS1 GTS, компаниите можат да го избегнат непотребното губење на енергија и полесно да донесуваат одлуки поврзани со транспортот и логистиката. Тие можат да применат посилно управување со отпадот и рециклажни иницијативи и можат да се здобијат со подобра контрола врз производството и испораката. Компаниите можат да имаат само корист од видливоста која стандардите ја овозможуваат.

## Осврт на регулаторните барања

Поттикнати од нивните уставни овластувања и од нивната загриженост за безбедноста, законодавците во Европа и во САД подготвуваат закони кои пропишуваат различни степени на следливост, особено во прехранбената индустрија и во здравствениот сектор.

Овие нови регулаторни барања придонесуваат побарувачката за следливост да се зголемува повеќе од кога било досега.

Компаниите имаат потреба за системи кои можат да обезбедат следливост од крај до крај, со точни информации и прецизна идентификација на производите и услугите, локациите и актерите кои се вклучени.

GS1 Глобалниот Стандард за Следливост може да ги направи таквите системи возможни. Тој овозможува системите за следливост на сите трговски партнери да бидат меѓусебно компатибилни со што се одбегнува прекин во следливоста долж синџирот. Градејќи врз него, бизнисите можат да обезбедат следливост со контрола во реално време за да се исполнат барањата поставени од страна на потрошувачите, надворешните организации и регулаторните тела, сé со цел подобрување на ефикасноста и профитабилноста.



Регулаторните барања придонесуваат побарувачката за следливост да биде во пораст



GS1 може да помогне индустриските сектори да ги развијат насоките за следливост и најдобрите практики кои одговараат на нивните специфични потреби

## GS1 поддршка на оценувањето и имплементацијата

Постои широк спектар на апликации за следливост и услуги кои можат да се овозможат со примената на GS1 Глобалниот Стандард за Следливост. Бидејќи GS1 GTS не ги пропишува технологиите, тоа им овозможува на корисниците да ги распоредат апликациите и услугите, кои можат да се изградат врз целиот спектар на GS1 Стандардите, вклучувајќи ги и: GS1 Идентификациони Клучеви, GS1 баркодови, GS1 eCom, GS1 EPCglobal и GS1 GDSN.

Конкретно, според GS1 GTS, постојат неколку задолжителни барања за стандарди базирани врз системот за следливост:

- ✓ Сите следливи елементи мораат да бидат идентификувани со соодветни GS1 идентификатор при нивното создавање.
- ✓ Идентификацијата мора да остане со или на единицата се додека се користи.
- ✓ Сите физички локации мораат да бидат идентификувани со соодветен GS1 идентификатор низ целиот синџир на снабдување.
- ✓ Податоците за производите и нивниот физички тек се запазени и разменливи како што е договорено меѓу трговските партнери (на пример, преку GDSN, DESADV, EPCIS)

Потоа останува на трговските партнери или индустриските сектори да го утврдат соодветното ниво на точност и длабочината на нивниот систем за следливост. Тие можат да го користат GS1 Глобалниот Стандард за Следливост за развој на специфичните насоки за следливост, кои се совршено погодни за нивните уникатни потреби.

Друг начин на кој GS1 им помага на компаниите во врска со нивните програми за следливост е преку Глобална Програма за Усогласеност на Следливоста (Global Traceability Conformance programme). Оваа програма обезбедува методологија и алатки за ревизија и оцека на постојниот систем за следливост базирани врз процесите опишани во GS1 Глобалниот Стандард за Следливост како и во другите меѓународни стандарди како што се ISO и стандардите за безбедност на храната.

Глобална програма за усогласеност на следливоста им обезбедува на сопствениците на брендови можност да добијат независна оценка на постојните системи за следливост или помош при дизајнирањето нови. Таа, исто така, нуди гаранции дека системот за следливост ги почитува минималните индустриски барања за следливост како што е дефинирано во GS1 Глобалниот Стандард за Следливост.



Контактирајте ја вашата локална GS1 организација членка

## Дали сте заинтересирани?

Дали сакате органската храна која ја произведувате да се сертифицира? Дали мислите да започнете програма за влегување во трага и следење во вашата компанија? Дали имате некоја апликација или сервис кој ви овозможува или обезбедува следливост?

**Едноставно контактирајте ја вашата локална GS1 организација членка!**

Глобалниот Стандард за Следливост е овозможен од страна на GS1 организациите членки и нивната стучност за пазарите, затоа што GS1 Глобалните Стандарди претставуваат неутрална поддршка која бизнисите и организациите треба да ја приспособат кон нивните сектори и нивните специфични потреби.

108-те GS1 организации членки од целиот свет можат да обезбедат:

- ✓ Проценка на вашиот актуелен систем за следливост или плановите да отпочнете со примена на некој нов.
- ✓ Комплетни детали за сите насоки и стандарди
- ✓ Обука на различни теми поврзани со следливоста.
- ✓ Центар за поддршка и пружање одговори на вашите прашања.
- ✓ Поддршка во имплементацијата.

Ние, исто така, Ве каниме да се придружите на нашата Група за Бизнис Барања за Следливост; Вашиот придонес и влез за бидеме сигурни дека нашата работа е совршено прилагодена кон потребите на вашиот сектор и вашата компанија ни е потребен.

Македонија

GS1 Македонија

ул. Маршал Тито бр. 19
1000 Скопје

Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

тел.  02/ 32 54 250
факс: 02/ 32 54 254
smilutinovic@gs1mk.org.mk

**www.gs1mk.org.mk**